| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | УРБАНПРОЕКТИНГ дооел – Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | БИЉАНА ТАСЕВА диа, овластување бр. 0.0367 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул."Никола Оровчанец" бр: 1, 1400 Велес, Р.Македонија<br>Тел. 043/222-744; 070/222-848 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба).** |

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово** (во понатамошниот текст УП) е изработен во согласност со Условите за планирање на просторот, Имотен лист, Проектна програма, увид на лице место, ажурирана геодетска подлога, податоци и информации од Јавните претпријатија, а се во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како и друга релевантна законска регулатива.

Во рамки на проектниот опфат влегува дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово врз кои ќе се формира градежна парцела за градба со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија.

Проектираниот опфат е дефиниран по добиени анализи од теренските услови и можности за спроведување на ваков тип на инфраструктура, а произлегува од потребата за изградба на градби за чување и складирање на енергија.

Предметната локација за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на **дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5**, КО Куманово, Општина Куманово се наоѓа во опфат на добиени услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на град Куманово кои произлегуваат од просторниот план на РМ со тех.бр. У14020 од декември 2020 изработени од Агенцијата за просторно планирање за кои е добиено решение за услови за планирање на просторот со бр.УП1-15 18/2021 од 14.01.2021 година во постапка бр. 33257 на информацискиот систем е-урбанизам.

Согласно член 42, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), услови за планирање на просторот не се издаваат кога во сила е истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на

Во однос на проектната програма Општина Куманово има доставено позитивно мислење во допис бр. 21-4750/2 од 11.03.2026 година во постапка бр. 78428 (ПИМ) на информацискиот систем е-урбанизам.

Батериските системи за складирање на електрична енергија претставуваат неопходен чекор кон модерна, стабилна и одржлива енергетска иднина. Намената е дефинирана согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Оценето е дека за остварување на целта: изградба на градби за чување и складирање на енергија (батериски систем, трафостаници и друга инфраструктура), во овој момент нема економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Основната цел на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повисоко ниво, а пред се Просторниот план на РМ. Цел за изработување на оваа документација е изградба на објекти со поединечна намена Е1.14 – градби за

чување и складирање на енергија.
Во услови на глобална енергетска транзиција, зголемена нестабилност на пазарите и климатски предизвици, складирањето на електрична енергија станува клучен елемент на современите енергетски системи. Производството од обновливи извори – особено сончеви и ветерни електрани – е променливо и зависи од временските услови. Ова создава потреба од технологии кои ќе овозможат балансирање помеѓу понудата и побарувачката.
Батериските системи за складирање на електрична енергија (Battery Energy Storage Systems – BESS) претставуваат едно од најефикасните решенија за овој предизвик. За Македонија, која постепено ја намалува зависноста од јаглен и инвестира во фотоволтаици и ветерни паркови, ваквите системи можат да имаат трансформативно значење.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да
Не X

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

Постапката за изготвување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово** е започната по барање на Инвеститорот: Мартин Кочков.

| Реден број | НЕДВИЖНОСТИТЕ | | ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице | Катастарска општина | Број на имотен лист | Број на парцела | | Катастарска | | | |
| | | | | Основен | Дел | Култура | | Класа | м2 |
| 1 | МАРТИН КОЧКОВ | 17052 | 19245 | 3768 | 0 | зз | лз | 5 | 156.38 |
| | | | | | | | | | 1920.23 |
| 2 | МАРТИН КОЧКОВ | 17052 | 69327 | 3793 | 4 | зз | лз | 2 | 690.29 |
| | | | | | | | | | 0 |
| 3 | МАРТИН КОЧКОВ | 17052 | 19259 | 3793 | 5 | зз | лз | 2 | 703.02 |
| | | | | | | | | | 0 |
| ВКУПНО | | | | | | | | | 1549.69 |

Просторот кој е предмет на изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово** зафаќа површина од 1550м2 или 0,15ха.

Во рамки на проектниот опфат влегува дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово врз кои ќе се формира градежна парцела за градба со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија.

Предмет на изработка ќе биде оформување на една градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбите, површините за градба, компатибилните и комплементарните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

ДА – просторно и урбанистичко планирање.
Реализацијата на УП ќе биде во функција на развој на локалната и национална економија и согласно определбите на Просторниот план на Р.Македонија и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

**Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година**
Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот проект, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

| |
|---|
| Не. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Предметната локација за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово се наоѓа во опфат на добиени услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на град Куманово кои произлегуваат од просторниот план на РМ со тех.бр. У14020 од декември 2020 изработени од Агенцијата за просторно планирање за кои е добиено решение за услови за планирање на просторот со бр.УП1-15 18/2021 од 14.01.2021 година во постапка бр. 33257 на информацискиот систем е-урбанизам.<br>Согласно член 42, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), услови за планирање на просторот не се издаваат кога во сила е истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат.<br>Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на планот.<br>При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и затоа треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби.<br>Предмет на изработка ќе биде оформување на една градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбите, површините за градба, компатибилните и комплементарните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.<br>Во услови на глобална енергетска транзиција, зголемена нестабилност на пазарите и климатски предизвици, складирањето на електрична енергија станува клучен елемент на современите енергетски системи. Производството од обновливи извори – особено сончеви и ветерни електрани – е променливо и зависи од временските услови. Ова создава потреба од технологии кои ќе овозможат балансирање помеѓу понудата и побарувачката.<br>Батериските системи за складирање на електрична енергија (Battery Energy Storage Systems – BESS) претставуваат едно од најефикасните решенија за овој предизвик. За Македонија, која постепено ја намалува зависноста од јаглен и инвестира во фотоволтаици и ветерни паркови, ваквите системи можат да имаат трансформативно значење.<br>Проектираниот опфат е дефиниран по добиени анализи од теренските услови и можности за спроведување на ваков тип на инфраструктура, а произлегува од потребата за изградба на градби за чување и складирање на енергија.<br>Согласно Член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот. |

Проектниот опфат со кој се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 4 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 3768, КП 3793/4 и КП 3793/5, КО Куманово, Општина Куманово** се наоѓа непосредно до КП 3752, КО Куманово, Општина Куманово од каде е планиран пристап.

Позитивни влијанија:

- Повеќе обновлива енергија
- Батериите овозможуваат складирање на енергија од сонце и ветер, што го намалува користењето на фосилни горива.
- Намалување на $CO_2$ емисии
- Со помала зависност од електрани на јаглен или гас, се намалуваат емисиите поврзани со климатски промени.
- Стабилност на мрежата
- Помагаат да се балансира понудата и побарувачката на струја, што ја прави енергетската мрежа поефикасна.

Негативни влијанија

- Екстракцијата на литиум, кобалт и никел може да има сериозни еколошки последици (загадување, трошење вода, уништување екосистеми).
- Отпад и рециклирање
- Ако батериите не се рециклираат правилно, може да доведат до загадување со токсични материи.

Иако батериските системи имаат одредени негативни ефекти, тие генерално се сметаат за важен дел од транзицијата кон почиста енергија. Кога се комбинираат со обновливи извори и добро рециклирање, нивниот вкупен ефект е позитивен за животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот
Намена: Е1.14 – Градби за складирање и чување енергија

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2026 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Се изработка на Генерален урбанистички план на Град Куманово, Општина

Куманово, на надморска височина од 290-475 метри.

Клима

Подрачјето се карактеризира со умерено континентална клима, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечната годишна температура на воздухот е 11.7$^0$C. Годишната амплитуда на температурата изнесува 22,2$^0$C. Максималната просечна годишна температура е 17.6$^0$C, а минималната е 6.1$^0$C. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39,5$^0$C) и апсолутно минималната (-23,1$^0$C) изнесува 62,6$^0$C. Во овој простор има интензивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден.

Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%. Најголема влажност има во декември и јануари од 85%, февруари 83%, а најмала влажност во јули и август по 60%. Како резултат на ниските темератури во регионот должината на мразниот период изнесува 166 дена просечно годишно и има 20 дена со снег и 38 дена со град, а доста се чести појави на магла особено во зимските месеци. Просечно годишно се магловити 30 дена. Поројните дождови се појавуваат просечно 6,7 дена во годината. Според врнежите (дожд, снег и град) подрачјето е со релативно мали временски нееднакво распределени врнежи. Тие варираат како по годишните сезони, така и од година во година. Просечно годишно врнежите изнесуваат 506,8mm, со максимум во мај (68,9mm), ноември (53,6mm) и јуни (52,3mm) и минимум во август (26,6mm), јануари (32,6mm) и февруари (32,9mm).

Според воздушните струења овој простор припаѓа во релативно ветровити подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰. Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.2 m/s. Најголема честина има во јуни, јули и јануари. Изразити по честина се северозападниот 105‰, југозападниот 69‰, јужниот ветер 68‰, североисточниот 58‰, југоисточниот 43‰, западниот со честина од 13‰ и источниот ветар со честина од 7‰.

Податоците се од мерна станица Куманово.

Податоци за создадените чинители треба да бидат релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој, како што се: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители.

Просторот кој е предмет на разработка на овој Урбанистички проект се наоѓа на терен кој е градежно неизграден.

Оценето е дека за остварување на целта: изградба на градби за чување и складирање на енергија (батериски систем, трафостаници и друга инфраструктура), во овој момент нема економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Основната цел на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повисоко ниво, а пред се Просторниот план на РМ. Цел за изработување на оваа документација е изградба на објекти со поединечна намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија.




| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |
| Согласно Член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби за коишто не |

постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 1550 м². Со овој УП се формира една градежна парцела, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26).

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Службен весник на Р.М." бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 89/22, 171/22 и 3/25).
- Закон за заштита на природата („Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25 ).
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25)
- Закон за водите („Службен весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25).
- Уредба за класификација на површинските води („Службен весник на РМ" бр. 99/16, 246/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 276/19, 256/21 и 293/23)
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на РСМ" бр. 216/21, 195/24 и 3/25).
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 163/13, 146/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 3/25).
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр. 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 215/21 и 3/25)
- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на РМ" бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24, 235/24 и 134/26)
- Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26)
- Закон за градење („Службен весник на Р.М." бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18

<table>
<tr><td colspan="2">и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25 и 51/26) и други законски и подзаконски акти.<br>Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина („Службен весник на Р.М.“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25).</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Досегашниот просторен развиток на општина Прилеп во чиј атар се наоѓа планскиот опфат го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br><br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби.<br>• Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Соларните панели работат тихо, за разлика од турбините, генераторите или дизел-агрегатите. Ова е предност за урбани средини и заштитени природни подрачја.<br><br>Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката..</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето.<br>Градбите за чување и складирање на енергија:<br>Немаат директно штетно влијание врз здравјето на луѓето кога се</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | користат.<br>Индиректно го подобруваат здравјето преку намалување на аерозагадувањето и обезбедување енергија за здравствена инфраструктура.<br>Ризиците постојат првенствено во фазата на производство и отстранување, но се мали и контролирани. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии.<br>Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При концепирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Сите објекти ќе се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила.<br>Планирањето и изработката на техничката документација е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и сл.весник на Р.С.М. бр. 215/21 и 3/25). |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |

| Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на УП, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.<br>Од страна на Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ добиен е допис дека во рамки на проектниот опфат нема регистрирано културно наследство.<br>Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со овој Урбанистички проект просторот треба програмски да се надополни, задоволувајќи ги потребите на Инвеститорот за реализација на планираните градби во рамки на предметниот проектен опфат, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планираната градба и инфраструктура.<br>Намената на земјиштето во рамките на проектниот опфат е неизградено земјиште. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Градби за чување и складирање на енергија имаат значајни бенефити за економскиот развој, како на локално, така и на национално ниво. Тие не само што обезбедуваат чиста енергија, туку и стимулираат нови економски активности, намалуваат трошоци и создаваат работни места. Соларните системи често се дистрибуирани (на повеќе локации), | |

| |
|---|
| што ја намалува потребата од скапа преносна мрежа и загуби на енергија. Тоа значи поевтина и побрза електрификација на нови подрачја. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Во близина на проектниот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови):**<br><br>Имплементацијата на проектот ќе допринесе за развој во општина Куманово. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на теренот;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат;<br>Вода: на предметната локација се очекува да се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со отпадот генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од природно наследство. Од страна на Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ добиен е допис дека во рамки на проектниот опфат нема регистрирано културно наследство;<br>Пејсаж: проњктниот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br><br>Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здрвјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина („Службен весник на Р.М." бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 89/22, 171/22 и 3/25).

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За предметниот проектен опфат нема изработен предходен урбанистички план и не е разработена никаква планска документација т.е не постои урбанистичко планска документација.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина.
Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

| | |
|---|---|
| Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>**Александар Николоски** |
| Бр. 21-3846/8<br>Датум 31.07.20__ година<br>Место: Скопје | М.П. |